**З А П И С Н И К**
**од Четириесет и седмата седница на Владата на Република Македонија,**
**одржана на 4.1.2018 година**

**Скопје, јануари 2018 година**

**З А П И С Н И К**
**од Четириесет и седмата седница на Владата на Република Македонија, одржана на 4.1.2018 година**

Седницата започна во 17:40 часот.

На седницата претседаваше претседателот на Владата, Зоран Заев.

На седницата присуствуваа заменикот на претседателот на Владата на Република Македонија и министер за внатрешни работи, Оливер Спасовски, заменикот на претседателот на Владата на Република Македонија, задолжен за европски прашања, д-р Бујар Османи и заменикот на претседателот на Владата на Република Македонија, задолжен за економски прашања и за координација на економските ресори, д-р Кочо Анѓушев и членовите на Владата на Република Македонија Билен Саљиji, министер за правда, д-р Драган Тевдовски, министер за финансии, м-р Крешник Бектеши, министер за економија, Љупчо Николовски, министер за земјоделство, шумарство и водостопанство, д-р Венко Филипче, министер за здравство, Сухејл Фазлиу, министер за локална самоуправа, м-р Роберт Алаѓозовски, министер за култура, м-р Горан Сугарески, министер за транспорт и врски, Садула Дураки, министер за животна средина и просторно планирање, Роберт Поповски, министер без ресор, задолжен за комуникации, отчетност и транспарентност, Едмонд Адеми, министер без ресор, задолжен за дијаспора, д-р Аднан Ќахил, министер без ресор, задолжен за странски инвестиции, Аксел Ахмедовски, министер без ресор, задолжен за имплементација на Националната стратегија за подобрување на состојбата на Ромите во Република Македонија и Зорица Апостолска министер без ресор, задолжен за странски инвестиции, генералниот секретар на Владата на Република Македонија, д-р Драги Рашковски и заменикот на генералниот секретар на Владата на Република Македонија Тахир Хани.

На седницата присуствуваше и Лила Пејчиновска-Миладиновска, секретар на Секретаријатот за законодавство.

Покрај членовите на Владата на Република Македонија на седницата присуствуваа и д-р Беким Максути, заменик на министерот за одбрана, Арбер Адеми, заменик на министерот за образование и наука, Александар Бајдевски, заменик на министерот за информатичко општество и администрација и Виктор Димовски, државен секретар во Министерството за надворешни работи.

На седницата присуствуваа и Миле Бошњаковски и Мухамед Хоџа, портпароли на Владата на Република Македонија, Пеце Мирчески, директор на Службата за општи и заеднички работи и Даниела Трајкова, претставник од АД ТЕЦ Неготино.
Од седницата отсуствуваа заменикот на претседателот на Владата на Република Македонија и министер за одбрана, м-р Радмила Шекеринска и заменикот на претседателот на Владата на Република Македонија, задолжен за спроведување на Рамковниот договор и политички систем, Хазби Лика и членовите на Владата на Република Македонија м-р Никола Димитров, министер за надворешни работи, д-р Рената Дескоска, министер за образование и наука, Мила Царовска, министер за труд и социјална политика, Дамјан Манчевски, министер за информатичко општество и администрација и д-р Зоран Шапуриќ, министер без ресор задолжен за регулатива за подобрување на инвестиционата клима за домашните претпријатија.

*

* *

Врз основа на Предлогот на дневниот ред и предлозите што беа поднесени на седницата, Владата го утврди следниов

**ДНЕВЕН РЕД**

-Усвојување на Записникот од 41-та седница на Владата на Република Македонија, одржана на 5.12.2017 година
-Усвојување на Записникот од 42-та седница на Владата на Република Македонија, одржана на 12.12.2017 година
-Усвојување на Записникот од 43-та седница на Владата на Република Македонија, одржана на 19.12.2017 година
-Усвојување на Записникот од 44-та седница на Владата на Република Македонија, одржана на 22.12.2017 година

**Пред преминување на Дневен ред**

- Состојби и напредок во процесот на европска интеграција

  - План 3-6-9 (статус 4.1.2018 година)

**А. МАТЕРИЈАЛИ ЗА КОИ СЕ ВОДИ РАСПРАВА И СЕ ОДЛУЧУВА**

**а) Гости**

1. Предлог-одлука за избор на овластен ревизор за ревизија на Годишната сметка за 2017 година на Акционерското друштво за производство на електрична енергија ТЕЦ Неготино, во државна сопственост, Неготино

2. Барање согласност за избор на овластен ревизор за ревизија на Годишната сметка и финансиските извештаи на АД „Македонска пошта“ - Скопје за 2017 година, со Предлогодлука

3. Информација за текот и прогресот на активностите во врска со постапката за одобрување на извоз во Европска Унија на месо и производи од месо (говедско, свинско, живинско), јајца, риба и производи од риба

4. Полугодишен извештај на Агенцијата за странски инвестиции и промоција на извозот на Република Македонија за периодот од 1.1.2017 до 30.6.2017 година

5. Предлог-уредба за начинот на давање на услугите на воздухопловна навигација како и посебните услови во однос на потребниот персонал, опремата и другите посебни услови неопходни за безбедно и уредно работење

6. Предлог-уредба за организацијата и користењето на воздушниот простор

7. Предлог-уредба за правилата и условите за заемна оперативност на системите, нивните составни делови и поврзаните процедури за давање на услугите на воздухопловна навигација со европската АТМ мрежа

8. Предлог-одлука за определување на периодот на закуп на градежното земјиште во Технолошко индустриската развојна зона Скопје 1 и за висината на закупнината и

   - Предлог-одлука за давање на согласност на новиот текст на Договорот за долготраен закуп на градежно земјиште со Друштвото за трговија, услуги и производство Џемдаг Лајтинг Еуропа увоз – извоз ДООЕЛ Ресен, како закупоримач

9. Конечен извештај за извршена ревизија на финансиски извештаи и ревизија на усогласеност за 2016 година на Државен архив на Република Македонија, за сметките на Основен буџет (637 и 631)

10. Информација за усвојување на Одлуката за изменување на Изјавата за основање на „Нафтовод“ ДООЕЛ Скопје, со дополнување и Предлог-одлука

11. Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на недвижни ствари на Општина Босилово

12. Извештај за завршени преговори за склучување на Договор помеѓу Владата на Република Македонија и Советот на министри на Република Албанија за соработка во случај на катастрофи, со усогласен текст на Договор

13. Предлог-одлука за запишување на правото на сопственост на недвижна ствар во корист на Република Македонија во Катастарот на недвижности (ДП бр.03-18/17)

14. Информација за донесување на одлука за отстапување на нафтени деривати од задолжителните резерви на нафта и нафтени деривати на Центарот за управување со кризи, без надомест, со Предлог-одлука

15. Информација во врска со постапка за давање под долготраен закуп на градежно земјиште сопственост на Република Македонија по пат на непосредна спогодба, за изградба на мала хидроцентрала со идентификационен број 378 МХЕ Речица како објект од јавен интерес од локално значење утврден со закон на Енергоремонт-МЗТ-ХЕРЦ ДОО со седиште во Битола ул. „Климент Охридски“ Пелагоника 2 ламела 2/6, со текст на Договор и Предлог-одлука

**б) економски систем и тековна економска политика**

16. Информација за усвојување на Ажурираниот национален имплементационен план за редукција и елиминација на перзистентните органски загадувачи во Република Македонија, со Ажуриран национален имплементационен план

17. Информација во врска со доставено барање за пренос на Договорот за концесија за користење на вода за изградба на мали хидроелектрични централи за локацијата бр.7 на река Рибничка на концесионерот Актуел Енерџи Груп ДОО

Скопје и склучување на Директен договор со Европска банка за обнова и развој („ЕБОР"), со Предлог-одлука

18. Информација во врска со доставено барање за одобрување на промена на сопственичката структура во концесионерот Друштво за производство трговија и услуги Минка-енерготек ДОО СКОПЈЕ, со Предлог-одлука

19. Информација во врска со доставено барање за одобрување на промена на сопственичката структура во концесионерот Друштво за производство трговија и услуги МХЕ Тополки ДОО Скопје, со Предлог-одлука

20. Информација за одредување на статусот на штетници кај растенијата, во согласност со меѓународните стандарди

21. Информација во врска со барањата за давање писмена согласност за пренос на удел во концесионерот Друштво за производство на енергија Албнор Компани ДОО Скопје, концесионерот ЦММ Енерѓи Компани ДООЕЛ Гостивар и концесионерот МХЕ Јабланица ДОО Скопје, со предлог одлуки

22. Предлог-тарифник за дополнување на Тарифникот за утврдување на висината на надоместоците за вршење на стручна оцена (ревизија) на геолошка документација и рударските проекти

23. Информација во врска со предложениот Директен договор помеѓу Владата на Република Македонија и Шпаркасе АД Скопје за финансирање на малите хидроелектрични централи на концесионерот Норд енерги гроуп ДООЕЛ Тетово, со текст на Директен договор

24. Информација за потребата Координативното тело за следење на арбитражни постапки произлезени од меѓународни договори да спроведе активности за прибирање на понуди за правни застапници во поведени арбитражни постапки против Република Македонија

**в) политички систем**

25. Предлог-закон за изменување и дополнување на Законот за народниот правобранител

26. Предлог-закон за изменување на Законот за управување со конфискуван имот, имотна корист и одземени предмети во кривична и прекршочна постапка

27. Информација за правосилност на една одлука на Европскиот суд за човекови права по однос на предметот Кастриот Чеља против Република Македонија, со Предлог – одлука

28. Информација за преземање на мерки и активности во насока на подобрување на ефикасното работење на казнено-поправните установи

29. Информација за учеството на македонската делегација на 6-тиот Самит на шефови на влади на процесот за соработка на Народна Република Кина со земјите од Централна и Источна Европа, со прилог

30. Извештај од анализа на нацрт-стратешки планови на министерствата и другите органи на државната управа од аспект на формата, содржината и нивната усогласеност со стратешките приоритети на Владата на Република Македонија во 2018 година

31. Анализа на спроведувањето консултации и учество на граѓанските организации во процесот на креирање политики на Владата и органите на државната управа

**г) човечки ресурси и одржлив развој**

32. Предлог-закон за изменување и дополнување на Законот за лековите и медицинските средства

33. Информација за прогресот на процесот на акредитација на осумте биохемиски лаборатории по ISO 15189

34. Информација за реализација на Проектот за користење услуга на бањско климатска рекреација на корисници на пензија за 2018 година, со Акциски план и Проект

35. Информација за Е-обука за родова еднаквост (основен и напреден модул) за државната администрација, поставена во електронскиот Систем за управување со учењето (СУУ/LMS), со табеларни прегледи

**Б) МАТЕРИЈАЛИ ЗА КОИ СЕ ОДЛУЧУВА БЕЗ РАСПРАВА**

**а) економски систем и тековна економска политика**

36. Предлог-одлука за давање согласност за давање под долготраен закуп на градежно земјиште сопственост на Република Македонија по пат на непосредна спогодба на Друштвото за производство, трговија и услуги „МХЕ Тополки“ ДОО Скопје

37. Предлог-одлука за престанок на важење на концесијата за експлоатација за изградба на Автопат А2, делница Кичево - Охрид на минерална суровина-варовник на локалитетот „Стрелиште“, Општина Охрид

38. Предлог-одлука за престанок на важење на концесијата за експлоатација за потребите за изградба на автопат А2, делница Кичево-Охрид на минерална суровина – варовник на локалитетот „Арбиново“, Општина Дебарца

39. Предлог-одлука за давање согласност за пренос на удел во Друштвото за производство, трговија и услуги АКВА КОКИНО ДООЕЛ с. Драгоманце Старо Нагоричане, со целосната документација

40. Предлог-одлука за доделување на концесија за експлоатација на минерална суровина-варовник на Трговското друштво за производство проектирање и инженеринг Вардарградба ДОО с.Трубарево - Скопје на локалитетот „Подцуцул“, Општина Сопиште

41. Предлог-одлука за давање на согласност за пренос на удел

**б) политички систем**

**42.** Барање на Вели Кујуџу, за прием во државјанство на Република Македонија, согласно член 11 од Законот за државјанството на Република Македонија

**в) човечки ресурски и одржлив развој**

**43.** Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Велес

**г) предлози по кои Владата дава мислење**

**(а) по барање на Собранието на Република Македонија**

**44.** Предлог-законот за изменување на Законот за работните односи, прво читање, поднесен од 11868 избирачи, преку овластениот предлагач Снежана Кузмановска

**45.** Предлог-финансисот план на Регулаторната комисија за енергетика на Република Македонија за 2018 година, со Предлог-одлука

**46.** Барање за давање на автентично толкување на член 14 став 2 алинеја 2 од Законот за изменување и дополнување на Законот за домување, („Службен весник на Република Македонија“ бр. 163/13), поднесено од пратеникот Невенка Стаменковска

**47.** Барање за давање на автентично толкување на член 25, а во врска со член 37 од Законот за обука и испит за директор на основно училиште, средно училиште, ученички дом и отворен граѓански универзитет за доживотно учење („Службен весник на Република Македонија“ бр. 10/2015, 145/2015, 192/2015 и 30/2016), поднесено од пратеникот Петар Атанасов

**(б) по барање на органи, организации и други правни лица**

**48.** Иницијатива од Стамен Филипов од Скопје, доставена до Уставниот суд на Република Македонија под У.бр.132/17 за поведување на постапка за оценување на уставноста на повеќе членови од Законот за вршење на сметководствени работи („Службен весник на Република Македонија“ бр.95/2012, 188/2013, 27/2014, 154/2015, 192/2015, 23/2016 и 190/2016)

**49.** Понуда од нотар Сашо Клисароски за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр. 94674 за КО Ѓорче Петров 2 - Мирче на КП бр. 5770

**50.** Понуда од нотар Нерџиван Идризи од Скопје, за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.2798 за КО Сингилиќ 2 на КП бр.2223 викано/место Р. Каскалиевиќ

**д) други предлози**

**51.** Предлог-одлука за формирање на Комитет за земјоделство и безбедност на храна на Владата на Република Македонија

52. Кадровски прашања

53. Прашања и предлози

**В) ЗА ИНФОРМИРАЊЕ**

54. Тримесечн финансиски извештај за работењето на АД ТЕЦ Неготино, за периодот јули-септември 2017 година

55. Годишен извештај за 2016 година на Народна банка на Република Македонија

56. Информација во однос на дополнително тестирање со ултразвук на делница Блок станица 5-Неготино

57. Извештај за работа на Инспекцискиот совет и Информација за работа на инспекциските служби за трет квартал од 2017 година

58. Извештај за работата на Советот за утврдување на факти и покренување на постапка за утврдување одговорност за судија за периодот од 1 јануари до 30 јуни 2017 година

59. Информација за набавка на нови возови во Македонски железници Транспорт АД-Скопје, за период 1.1 - 30.6.2017 година

60. Информација за набавка на четири нови електрични локомотиви, за период 1.1-30.6.2017 година

61. Информација во врска со слободните станови кои можат да се планираат за социјална намена, како и за постапките и процедурите за нивно доделување

62. Информација за прогрес на активностите за реализација на проектот „Подобрување на евиденција на шумскиот фонд“ за период 2014-2018 година

63. Информација за Самитот на шефови на влади на Централно - европската иницијатива, одржан на 12 декември 2017 година во Минск, Белорусија

64. Информација за преземените активности по поднесената апликација за грант од Министерството за надворешни работи на Кралството Норвешка за имплементација на проект за изработка на систем за процесирање на класифицирани информации во Министерството за надворешни работи

65. Информација за текот на реализација на проектот за користење услуга на Бесплатен туристички викенд на корисници на пензија за период септември - ноември 2017 година

66. Информација за текот на реализација на проектот за користење услуга на бањско климатска рекреација на корисници на пензија за период септември – ноември 2017 година

67. Информација за прогрес на имплементираните проекти од Стратегијата за Роми и Вклучување на Ромите-2020 во Министерството за труд и социјална политика за период јули-декември 2017 година

**Г) ДОПОЛНИТЕЛНИ ТОЧКИ**

**68.** Предлог-лиценца за приредување на игри на среќа во обложувалница на Друштвото за производство, трговија и услуги „Клуб спорт 77“ увоз-извоз ДОО Битола за деловната просторија на ул.„Филип Втори Македонски“ бр.30 Трг.Ком.Безистен-Лок.12 во Битола

**69.** Предлог-одлука за дополнување на Одлуката за определување на услуга од јавен интерес во железнички превоз на патници

**70.** Предлог-програма за финансиска поддршка во рибарството и аквакултурата за 2018 година

*

*   *

Владата без забелешки ги усвои записниците од 41-та, 42-та, 43-та и 44-та седница, одржани на 5.12., 12.12., 19.12 и 22.12.2017 година.

*

*   *

**Пред преминување на Дневен ред:**

- **Состојби и напредок во процесот на европска интеграција**

- План 3-6-9 (статус 4.1.2018 година)

Владата го разгледа Планот 3-6-9 (статус 4.1.2018 година) и согласно расправата на седницата констатира и заклучи:

1. Од вкупно 102 мерки содржани во Планот во делот 6-9 од кои 53 беа со рок на реализација 31.12.2017 година реализирани се 30, а се доцни за 23 и тоа:

- Предлог-закон за престанување на важење на Законот за Советот за утврдување факти - истиот ќе се донесе во јануари 2018 година;

- Предлог-закон за изменување и дополнување на Законот за судови и Предлог-закон за изменување на Законот за Судскиот совет - Европската комисија бара да се достават на мислење до Венецијанската комисија;

- Предлог-закон за изменување и дополнување на Законот за заштита на сведоци - доставен во Собрание на Република Македонија;

- Предлог-закон за изменување и дополнување на Законот за заштита на укажувачи - во декември доставен во Влада и ќе се разгледа на наредната седница на Владата;

- Стратегија за информатичко комуникациска технологија во правосудството - да се разгледа на наредната седница на Владата;

- Пренесување на надлежноста за здравствена заштита на затворениците од Министерството за правда во Министерството за здравство - да се преземат потребните активности од надлежните министерства, во соработка со Управата за извршување на санкциите и на наредната седница на Владата да се разгледа прашањето и да се заземе став;

- Организирање на јавни трибини со претставници на граѓанскиот сектор, локалната самоуправа, верските заедници, експертската и научната јавност со цел дефинирање и имплементирање на соодветни мерки за превенција од насилен екстремизам и борба против тероризам - ќе се разгледа на наредната седница на Владата;

- Активна соработка со ЕУ експертите во Собранието и нивна вклученост во работната група за реформи на Собранието - Дамјан Манчевски, министер за информатичко општество и администрација да ги координира активностите за реализација на оваа мерка;

- Избор на членови на Уставен суд-доставен е предлог од Претседателот на Република Македонија до Собранието на Република Македонија за двајца судии на Уставниот суд (на 9.1.2018 година би требало да се изберат);

- Избор на членови на Советот за јавни обвинители на Република Македонија-ќе се дефинира рок на наредната седница на Владата;

- Усвојување на Стратегија за реформа на јавна администрација 2018-2022 со Акциски план - да се разгледа на последната седница на Владата во јануари 2018 година;

- Подготовка на план за кадровско зајакнување на Одделот за сузбивање организиран и сериозен криминал - ќе биде реализирано за неколку дена;

- Спроведување на обуки за вработените во Националниот координативен центар за борба против организиран криминал-треба да започне до 20 јануари 2018 година;

- Усвојување на Стратегијата за зајакнување на финансиските истраги и конфискација на имот со Акциски план-доставена е на меѓуресорска координација, ќе се разгледа на наредната седница на Владата;

- Утврдување на Законот за изменување и дополнување на Законот за аудио и аудио визуелни медиумски услуги-се очекува мислење од Европската комисија до 10 јануари 2018 година;

- Утврдување на Законот за изменување и дополнување на Законот за основање на ЈП Македонска радиодифузија-да се смени рокот да биде јануари 2018 година, со цел да се разгледа заедно со Законот за изменување и дополнување на Законот за аудио и аудио визуелни медиумски услуги;

- Усвојување од страна на Владата на Анализа на спроведувањето консултации и учество на граѓанските организации во процесот на креирање политики на Владата и органите на државната управа, со препораки-Анализата е на Дневен ред на оваа седница на Владата;

- Склучување на Меморандум за соработка помеѓу Јавното обвинителство на Република Македонија и Министерството за внатрешни работи во однос на зајакнување на соработката за борба против криумчарење на мигранти и трговија со луѓе-потпишан е од министерот за

внатрешни работи и доставен до Јавното обвинителство на Република Македонија за потпис;

- Назначување на раководител и членови на Националната единица за борба против криумчарење мигранти и трговија со луѓе и План за спроведување на обука за членовите на Националната единица за криумчарење на мигранти и трговија со луѓе - ќе се реализира по потпишувањето на Меморандумот;

- Формирање на мобилни тимови за идентификација на ранливи категории, вклучително и за жртви на трговија со луѓе - да го реализира Министерството за труд и социјална политика во соработка со Министерството за внатрешни работи, по потпишување на Меморандум;

- Донесување Акциски план за Интегрирано гранично управување за 2018 година со мерки за развој на Интегрирано гранично управување, согласно евалуацијата на Националната стратегија за Интегрирано гранично управување (2015-2019) - ќе се разгледа на наредната седница на Владата.

2. Се задолжуваат сите министри, најдоцна до 9.1.2018 година, да одржат состаноци со своите кабинети во врска со реализација на активностите содржани во Итните реформски приоритети, со цел на наредната седница на Владата да ја информираат Владата за тоа кои активности се завршени, а кои не се завршени.

*

*        *

По одделните точки од Дневниот ред, Владата ги донесе следниве заклучоци:

**<u>Точка 1</u>**

Владата ја донесе Одлуката за избор на овластен ревизор за ревизија на Годишната сметка за 2017 година на Акционерското друштво за производство на електрична енергија ТЕЦ Неготино, во државна сопственост, Неготино (нов текст), во предложениот текст.

**<u>Точка 2</u>**

Владата по Барањето согласност за избор на овластен ревизор за ревизија на Годишната сметка и финансиските извештаи на АД „Македонска пошта“ - Скопје за 2017 година, со Предлог-одлука, го донесе најновиот текст на Одлуката за избор на овластен ревизор за ревизија на Годишната сметка и финансиските извештаи за 2017 година на Акционерското друштво за поштенски сообраќај „Македонска пошта“-Скопје, во државна сопственост, во предложениот текст.

**<u>Точка 3</u>**

Владата ја разгледа Информацијата за текот и прогресот на активностите во врска со постапката за одобрување на извоз во Европска Унија на месо и производи од месо (говедско, свинско, живинско), јајца, риба и производи од риба и ја усвои со следниве заклучоци:

1. Се задолжува Агенцијата за храна и ветеринарство еднаш годишно до Владата да доставува информации за прогресот на активностите поврзани со одобрувањето на извозот

во Европската Унија на месо и производи од месо (говедско, свинско, живинско), јајца, риба и производи од риба.

2. Се задолжува Агенцијата за храна и ветеринарство да подготви и во рок од еден месец до Владата да достави нова информација со акциски план и временска рамка на чекорите кои се потребни за да се обезбеди статус на земја „слободна од Класична свинска чума“), согласно укажувањето на Кабинетот на заменикот на претседателот на Владата задолжен за економски прашања и за координација со економските ресори, д-р Кочо Анѓушев.

3. Се задолжува Агенцијата за храна и ветеринарство за постигнатиот напредок да ги информира службите на Европската Унија на следниот Поткомитет за земјоделство и рибарство, кој треба да се одржи во мај 2018 година, согласно укажувањето на Секретаријатот за европски прашања.

**Точка 4**

Владата го разгледа и го усвои Полугодишниот извештај на Агенцијата за странски инвестиции и промоција на извозот на Република Македонија, за периодот од 1.1.2017 до 30.6.2017 година.

**Точка 5**

Владата ја донесе Уредбата за начинот на давање на услугите на воздухопловна навигација како и посебните услови во однос на потребниот персонал, опремата и другите посебни услови неопходни за безбедно и уредно работење, во предложениот текст.

**Точка 6**

Владата ја донесе Уредбата за организацијата и користењето на воздушниот простор, во предложениот текст.

**Точка 7**

Владата го донесе новиот текст на Уредбата за правилата и условите за заемна оперативност на системите, нивните составни делови и поврзаните процедури за давање на услугите на воздухопловна навигација со европската АТМ мрежа, во предложениот текст.

**Точка 8**

Владата ги донесе:

- Одлуката за определување на периодот на закуп на градежното земјиште во Технолошко индустриската развојна зона Скопје 1 и за висината на закупнината (нов текст) и

- Одлуката за давање на согласност на новиот текст на Договорот за долготраен закуп на градежно земјиште со Друштвото за трговија, услуги и производство Џемдаг лајтинг еуропа увоз-извоз ДООЕЛ Ресен, како закупоримач, во предложените текстови.

## Точка 9

Владата го разгледа Конечниот извештај за извршена ревизија на финансиски извештаи и ревизија на усогласеност за 2016 година на Државен архив на Република Македонија, за сметките на Основен буџет (637 и 631) како материјал за информирање.

Притоа, согласно укажувањата во мислењето на Министерството за финансии Владата заклучи Државниот архив на Република Македонија да подготви и до Владата да достави акциски план за спроведување на дадените препораки во рок од еден месец.

Исто така, Владата на Република Македонија, согласно член 42-а од Деловникот за работа на Владата на Република Македонија да формира Ревизорски комитет како постојано стручно тело, на кој што ќе се разгледуваат конечните извештаи од извршената ревизија и по кој ќе се даваат предлози и препораки за нивно спроведување.

## Точка 10

Владата ја разгледа Информацијата за усвојување на Одлуката за изменување на Изјавата за основање на „Нафтовод“ ДООЕЛ Скопје, со дополнување и Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за изменување на Изјавата за основање на Трговско друштво „Нафтовод“ ДООЕЛ Скопје.

## Точка 11

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на недвижни ствари на Општина Босилово, во предложениот текст.

## Точка 12

Владата го разгледа Извештајот за завршени преговори за склучување на Договор помеѓу Владата на Република Македонија и Советот на министри на Република Албанија за соработка во случај на катастрофи, со усогласен текст на Договор (нов текст) и го усвои со следниве заклучоци:

1. Го прифати усогласениот текст на Договорот помеѓу Владата на Република Македонија и Советот на министри на Република Албанија за соработка во случај на катастрофи.

2. Го определи Аднан Џафероски, директор на Дирекцијата за заштита и спасување, во име на Владата на Република Македонија да го потпише Договорот помеѓу Владата на Република Македонија и Советот на министри на Република Албанија за соработка во случај на катастрофи.

## Точка 13

Владата го донесе најновиот текст на Одлуката за запишување на правото на сопственост на недвижна ствар во корист на Република Македонија во Катастарот на недвижности, во предложениот текст.

## Точка 14

Владата ја разгледа Информацијата за донесување на одлука за отстапување на нафтени деривати од задолжителните резерви на нафта и нафтени деривати на Центарот за

управување со кризи, без надомест, со Предлог-одлука и заклучи да не ја донесе Одлуката за отстапување на нафтени деривати од задолжителните резерви на нафта и нафтени деривати на Центарот за управување со кризи.

Истовремено, Владата му препорача на Центарот за управување со кризи, нафтата и нафтените деривати потребни за редовното работење да ги обезбеди од сопствените буџетски средства за 2018 година, освен кога се работи за кризни ситуации.

## Точка 15

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата во врска со постапка за давање под долготраен закуп на градежно земјиште сопственост на Република Македонија по пат на непосредна спогодба, за изградба на мала хидроцентрала со идентификационен број 378 МХЕ Речица како објект од јавен интерес од локално значење утврден со закон на Енергоремонт –МЗТ-ХЕРЦ ДОО со седиште во Битола ул. „Климент Охридски“ Пелагоника 2 ламела 2/6, со текст на Договор и Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и условно ја донесе Одлуката за давање согласност за давање под долготраен закуп на градежно земјиште сопственост на Република Македонија по пат на непосредна спогодба на ЕНЕРГОРЕМОНТ-МЗТ-ХЕРЦ ДОО (најнов текст), доколку Министерството за транспорт и врски достави ново позитивно мислење по новата дополнителна документација.

## Точка 16

Владата ја разгледа Информацијата за усвојување на Ажурираниот национален имплементационен план за редукција и елиминација на перзистентните органски загадувачи во Република Македонија, со Ажуриран национален имплементационен план и притоа ги донесе следните заклучоци:

1. Ја усвои Информацијата за Ажурираниот национален имплементационен план за редукција и елиминација на перзистентните органски загадувачи во Република Македонија.

2. Го усвои Ажурираниот национален имплементационен план за редукција и елиминација на перзистентните органски загадувачи во Република Македонија.

3. Се задолжуваат сите министри и нивните кабинети кои што имаат информации да помогнат на Министерството за животна средина и просторно планирање да дојде до дополнителни извори на информации во врска со обезбедувањето на средства, подршка, помош за уништување, детекција и пронаоѓање на опасни загадувачки материи на територијата на Република Македонија.

## Точка 17

Владата ја разгледа Информацијата во врска со доставено барање за пренос на Договорот за концесија за користење на вода за изградба на мали хидроелектрични централи за локацијата бр.7 на река Рибничка на концесионерот Актуел Енерџи Груп ДОО Скопје и склучување на Директен договор со Европска банка за обнова и развој („ЕБОР”), со Предлог – одлука (нов текст) и ја усвои со следниве заклучоци:

1. Ја донесе Одлуката за давање согласност за пренос на Договорот за концесија за користење на вода за производство на електрична енергија од мали хидроелектрични

централи, МХЕЦ РИБНИЧКА реф. бр. 7 со бр. 11-4342/1 од 7.5.2015 година, во предложениот текст.

2. Се овластува министерот за животна средина и просторно планирање, Садула Дураки, во име на Владата на Република Македонија како концедент да склучи Директен договор со Европска банка за обнова и развој, како средство за обезбедување на исполнување на обврските од страна на концесионерот „Актуел Енерџи Груп” ДОО Скопје.

**Точка 18**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со доставено барање за одобрување на промена на сопственичката структура во концесионерот Друштво за производство трговија и услуги Минка-енерготек ДОО СКОПЈЕ, со Предлог-одлука (нов текст), ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање на согласност за пренос на удел од содружникот ДПТУ „Минка-да” ДОО Струмица на содружникот ДПТУ „Енерготек” ДОО Скопје во концесионерот ДПТУ „Минка-енерготек” ДОО Скопје, во предложениот текст.

**Точка 19**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со доставено барање за одобрување на промена на сопственичката структура во концесионерот Друштво за производство трговија и услуги МХЕ Тополки ДОО Скопје, со Предлог-одлука (нов текст), ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање на согласност за пренос на уделот на содружникот „Енерџи деливери солушнс ЕДС” ДОО Скопје на „Феро инвест” ДОО Скопје во концесионерот МХЕ Тополки ДОО Скопје, во предложениот текст.

Притоа, заменикот на претседателот на Владата, задолжен за економски прашања и за координација со економските ресори, д-р Кочо Анѓушев, не присуствуваше на седницата на Владата при расправата и одлучувањето по однос на овој материјал и беше изземен согласно доставеното Известување, врз основа на одредбите од член 13 од Законот за спречување на судир на интереси.

**Точка 20**

Владата ја разгледа Информацијата за одредување на статусот на штетници кај растенијата, во согласност со меѓународните стандарди и ја усвои Информацијата со следните заклучоци:

1. Се задолжува Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство-Фитосанитарна управа да ги собере сите расположливи податоци и информации во однос на присуството и распространетост на штетни организми во Република Македонија.

Во однос на оваа активност да се побара од Факултетот за земјоделски науки и храна, УГД Земјоделски факултет, Шумарски факултет-Институтот за земјоделство и други научни институции, Агенцијата за поттикнување на развојот на земјоделството и од другите да ги обезбедат расположливте информации во форма на научни трудови, упатства, брошури итн, во рок од три месеци.

2. Се задолжува Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство-Фитосанитарната управа да започне со воспоставување на база на податоци од расположливите и собрани податоци и истите да се внесат во инсталираните

информатички модули за примена на GIS (Geographic Identification System) во Државниот инспекторат за земјоделство и Фитосанитарната управа, во рок од пет месеци.

3. Се задолжува Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство-Фитосанитарната управа да ги организира и координира надлежните служби вклучени во фитосанитарниот систем и други институции за сите активности поврзани со утврдување на присуство и отсуство на штетни организми во Република Македонија.

4. Се задолжува Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство-Фитосанитарната управа да ја информира Владата за напредокот на овој систем во рок од шест месеци.

## Точка 21

Владата ја разгледа Информацијата во врска со барањата за давање писмена согласност за пренос на удел во концесионерот Друштво за производство на енергија Албнор Компани ДОО Скопје, концесионерот ЦММ Енерѓи Компани ДООЕЛ Гостивар и концесионерот МХЕ Јабланица ДОО Скопје, со предлог-одлуки и притоа ги донесе следниве заклучоци:

1. Ја усвои Информацијата во врска со барањата за давање писмена согласност за пренос на удел во концесионерот Друштво за производство на енергија Албнор Компани ДОО Скопје, концесионерот ЦММ Енерѓи Компани ДООЕЛ Гостивар и концесионерот МХЕ Јабланица ДОО Скопје.

2. Ја донесе Одлуката за давање на согласност за пренос на уделот од содружникот Макпол Лазар ДОО Скопје на содружникот Фероинвест ДОО Скопје во концесионерот Друштво за производство на енергија Албнор Компани ДОО Скопје (нов текст), во предложениот текст.

3. Ја донесе Одлуката за давање на согласност за пренос од уделот од Друштвото ЦММ ФЛИ РИЗЗИ С.Р.Л ЛТД на Друштвото Инженеринг Солушн Сервисес ЕСС ДОО Скопје, во концесионерот ЦММ Енерѓи Компани ДООЕЛ Гостивар (нов текст), во предложениот текст.

4. Ја донесе Одлуката за давање на согласност за пренос на уделот од содружникот Гранит АД Скопје на Друштвото Хидро Холдинг ДОО Скопје и на содружикот Феро Инвест ДОО Скопје во концесионерот МХЕ Јабланица ДОО Скопје (нов текст), во предложениот текст.

## Точка 22

Владата го донесе новиот текст на Тарифникот за дополнување на Тарифникот за утврдување на висината на надоместоците за вршење на стручна оцена (ревизија) на геолошка документација и рударските проекти, во предложениот текст.

## Точка 23

Владата ја разгледа Информацијата во врска со предложениот Директен договор помеѓу Владата на Република Македонија и Шпаркасе АД Скопје за финансирање на малите хидроелектрични централи на концесионерот Норд енерги гроуп ДООЕЛ Тетово, со текст на Директен договор и ја усвои со следниве заклучоци:

1. Го усвои текстот на Директниот Договор помеѓу Владата на Република Македонија и Шпаркасе АД Скопје во врска со финансирањето обезбедено од Шпаркасе АД Скопје според

Договорот за финансирање кој што Шпаркасе АД Скопје го има склучено со Норд енерги гроуп ДООЕЛ Тетово.

2. Го овласти м-р Крешник Бектеши, министер за економија, во име на Владата на Република Македонија да го потпише Директниот договор од точка 1, помеѓу Владата на Република Македонија и Шпаркасе АД Скопје во врска со финансирањето на малите хидроелектрични централи на концесионерот Норд енерги гроуп ДООЕЛ Тетово.

## Точка 24

Владата ја разгледа Информацијата за потребата Координативното тело за следење на арбитражни постапки произлезени од меѓународни договори да спроведе активности за прибирање на понуди за правни застапници во поведени арбитражни постапки против Република Македонија и ја усвои со следниов заклучок:

- Се задолжува Координативното тело, во рок од три дена да испрати барања за прибирање на понуди до реномирани адвокати, односно реномирани адвокатски куќи и по добивањето на понудите и евалуацијата на истите во рок од три дена да достави до Владата предлог за избор на правни застапници во арбитражните постапки поведени против Република Македонија.

## Точка 25

Владата го разгледа Предлог-законот за изменување и дополнување на Законот за народниот правобранител и го утврди со заклучок предлагачот да го усогласи текстот на Предлог – законот согласно укажувањата секретарот на Секретаријатот за законодавство, изнесени на седницата на Владата, односно:

- во член 11-д, став 4 да изостане;

- во член 31-в, став 3 да изостане и

- член 5 да се преформулира во насока актот за организација на работата за систематизација на работните места, во стручната служба да се усогласи со одредбите од овој закон во рок од три месеци од денот на неговото влегување во сила.

Пречистениот текст на Предлог-законот за изменување и дополнување на Законот за народниот правобранител, согласно член 137 од Деловникот на Собранието на Република Македонија да се достави до Собранието.

За претставници на Владата на Република Македонија во Собранието се определени Билен Саљији, министер за правда и Оливер Ристовски, заменик на министерот за правда, а за повереници Зулфи Адили, државен секретар во Министерството за правда и Никола Прокопенко, раководител на сектор во Министерството за правда.

## Точка 26

Владата на предлог на министерот за правда, а имајќи ги предвид укажувањата од секретарот на Секретаријатот за законодавство, изнесени на седницата на Владата, го одложи од разгледување Предлог-законот за изменување на Законот за управување со конфискуван имот, имотна корист и одземени предмети во кривична и прекршочна постапка, поради потребата Министерството за надворешни работи, во соработка со

Министерството за правда, Министерството за финансии, Управата за финансиско разузнавање, Агенцијата за управување со одземен имот и Секретаријатот за законодавство, до средината на февруари 2018 година, да направи компаративна анализа во однос на надлежноста за управување со имот опфатен со финансиска мерка, имајќи го предвид член 19 од Предлог-законот за рестриктивни мерки и за истото да ја информира Владата.

## Точка 27

Владата ја разгледа Информацијата за правосилност на една одлука на Европскиот суд за човекови права по однос на предметот Кастриот Челја против Република Македонија, со Предлог-одлука, ја усвои и ја донесе Одлуката за исплата на средства од Буџетот на Република Македонија за 2018 година, во предложениот текст.

## Точка 28

Владата на предлог на предлагачот ја симна од дневен ред Информацијата за преземање на мерки и активности во насока на подобрување на ефикасното работење на казнено-поправните установи, имајќи го предвид укажувањето на Секретаријатот за законодавство.

## Точка 29

Владата ја разгледа Информацијата за учеството на македонската делегација на 6-тиот Самит на шефови на влади на процесот за соработка на Народна Република Кина со земјите од Централна и Источна Европа, со прилог и ја усвои со следниве заклучоци:

1. Се задолжува Кабинетот на заменикот на претседателот на Владата на Република Македонија, задолжен за економски прашања и за координација со економските ресори, д-р Кочо Анѓушев, во соработка со Министерството за транспорт и врски, Министерството за финансии и Министерството за надворешни работи, во рок од 30 дена да подготват Предлог-барање до кинеските надлежни институции за добивање на информации за финансиска поддршка за трите инфраструктурни проекти разговарани на билатералната средба со Народна Република Кина.

2. Се задолжуваат Кабинетот на заменикот на претседателот на Владата на Република Македонија, задолжен за економски прашања и за координација со економските ресори, д-р Кочо Анѓушев, Министерството за економија, Министерството за транспорт и врски, Министерството за финансии, Министерството за здравство, Министерството за земјоделство шумарство и водостопанство, Министерството за образование и наука, Министерството за култура и Министерството за локална самоуправа, да земат учество на планираните состаноци и настани на Процесот 16+1, наведени во Прилогот бр.1, на соодветно политичко или експертско ниво и за исходот од состаноците и настаните, најкасно во рок од пет работни дена, да го информираат Националниот координатор на Процесот 16+1.

## Точка 30

Владата го разгледа Извештајот од анализа на нацрт-стратешки планови на министерствата и другите органи на државната управа од аспект на формата, содржината и нивната усогласеност со стратешките приоритети на Владата на Република Македонија во 2018 година и го усвои, со следниве заклучоци:

1. Се задолжуваат министерствата и другите органи на државната управа при финализирањето на стратешките планови да ги имаат во предвид заклучните согледувања и препораки, за секое министерство, односно орган на државна управа, содржани во Извештајот.

2. Се задолжуваат министерствата и другите органи на државната управа стратешките планови 2018-2020 година, да ги објават на своите веб локации, најдоцна до 15.1.2018 година.

## Точка 31

Владата го разгледа и го усвои новиот текст на Анализата на спроведувањето консултации и учество на граѓанските организации во процесот на креирање политики на Владата и органите на државната управа и го задолжи Генералниот секретаријат на Владата на Република Македонија, во рок од 5 дена да ги достави препораките од Анализата до сите органи на државната управа.

## Точка 32

Владата го разгледа новиот текст на Предлог-законот за изменување и дополнување на Законот за лековите и медицинските средства, го утврди и заклучи согласно член 137 од Деловникот на Собранието на Република Македонија да се достави до Собранието.

За претставници на Владата на Република Македонија во Собранието се определени д-р Венко Филипче, министер за здравство и д-р Гоце Чакаровски, заменик на министерот за здравство, а за повереници д-р Владимир Милошев, државен секретар во Министерството за здравство и Ангелина Бачановиќ, раководител на сектор во Министерството за здравство.

## Точка 33

Владата ја разгледа Информацијата за прогресот на процесот на акредитација на осумте биохемиски лаборатории по ISO 15189, ја усвои и го задолжи Министерството за здравство, за прогресот на процесот на акредитација на осумте биохемиски лаборатории по ISO 15189, на секои шест месеци да ја известува Владата, сè до завршување на Проектот.

## Точка 34

Владата ја разгледа Информацијата за реализација на Проектот за користење услуга на бањско климатска рекреација на корисници на пензија за 2018 година, со Акциски план и Проект и ја усвои со следниве заклучоци:

1. Го прифати новиот текст на Акцискиот план за реализација на Проектот за користење на услугата на бањско климатска рекреација на корисници на пензија за 2018 година.

2. Го овласти министерот за труд и социјална политика до 15 февруари 2018 година да склучи договори со правните лица регистрирани за вршење дејност од областа на здравствената заштита за користење на услуга на бањско климатска рекреација на корисници на пензија за 2018 година.

3. Се задолжува Министерството за труд и социјална политика квартално да ја известува Владата за текот на реализацијата на Проектот за користење на услугата на бањско климатска рекреација на корисници на пензија за 2018 година.

4. Се задолжува министерот за труд и социјална политика во рок од 7 дена да формира комисија за разгледување и рангирање на корисници на услугата бесплатна бањско климатска рекреација, со претставници од Министерството за труд и социјална политика, Министерството за финансии и Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија.

**Точка 35**

Владата ја разгледа Информацијата за Е-обука за родова еднаквост (основен и напреден модул) за државната администрација, поставена во електронскиот Систем за управување со учењето (СУУ/LMS), со табеларни прегледи и ја усвои со следниве заклучоци:

1. Се задолжуваат органите на државната управа и им се препорачува на единиците на локалната самоуправа кои не се регистрирани во електронскиот Систем за управување со учењето (табели во прилог), да достават барање за регистрација до Министерството за информатичко општество и администрација, во рок од две недели.

2. Се задолжува Министерството за информатичко општество и администрација, да спроведе обука за ИТ администраторите од ново регистрираните институции за користење на електронскиот Систем за управување со учењето, до крајот на јануари 2018 година.

3. Се задолжуваат сите органи на државната управа и им се препорачува на сите единици на локалната самоуправа, преку лицата одговорни за управување со човечки ресурси да го информираат секој вработен во сопствената институцијаво во рок од две недели, дека задолжително треба да ја заврши Е-обуката за родова еднаквост во текот на 2018 година.

4. Се задолжуваат сите органи на државната управа и им се препорачува на сите единици на локалната самоуправа да го известуваат Министерството за труд и социјална политика за бројот на административни службеници кои ја комплетирале Е - обуката за родова еднаквост, најдоцна до крајот на март во тековната година, за минатата година, започнувајќи од март 2018 година.

5. Се задолжува Министерството за информатичко општество и администрација, да го информира Министерството за труд и социјална политика за вкупниот број на лица и институции чиишто вработени ја комплетирале Е- обуката за родова еднаквост, еднаш во годината.

6. Се задолжува Министерството за труд и социјална политика, да ја информира Владата за текот на реализацијата на активностите и сумарните статистички податоци за Е- обуката за родова еднаквост (одделно за основниот и за напредниот модул), еднаш во годината.

**Точка 36**

Владата го донесе најновиот текст на Одлуката за давање согласност за давање под долготраен закуп на градежно земјиште сопственост на Република Македонија по пат на непосредна спогодба на Друштвото за производство, трговија и услуги „МХЕ Тополки“ ДОО Скопје, во предложениот текст.

Притоа, заменикот на претседателот на Владата, задолжен за економски прашања и за координација со економските ресори, д-р Кочо Анѓушев, не присуствуваше на седницата на Владата при расправата и одлучувањето по однос на овој материјал и беше изземен согласно доставеното Известување, врз основа на одредбите од член 13 од Законот за спречување на судир на интереси.

**Точка 37**

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за престанок на важење на концесијата за експлоатација за изградба на Автопат А2, делница Кичево-Охрид на минерална суровина - варовник на локалитетот „Стрелиште“, Општина Охрид, во предложениот текст.

**Точка 38**

Владата ја донесе Одлуката за престанок на важење на концесијата за експлоатација за потребите за изградба на автопат А2, делница Кичево-Охрид на минерална суровина – варовник на локалитетот „Арбиново“, Општина Дебарца, во предложениот текст.

**Точка 39**

Владата ја разгледа Предлог–одлуката за давање согласност за пренос на удел во Друштвото за производство, трговија и услуги Аква кокино ДООЕЛ с. Драгоманце Старо Нагоричане, со целосната документација која е доставена кон барањето за пренос на уделот во Друштвото за производство, трговија и услуги Аква кокино ДООЕЛ с. Драгоманце Старо Нагоричане и условно ја донесе Одлуката за давање согласност за пренос на удел во Друштвото за производство, трговија и услуги Аква кокино ДООЕЛ с.Драгоманце Старо Нагоричане, доколку Министерството за финансии достави ново позитивно мислење по ново доставената комплетна документација.

**Точка 40**

Владата не ја донесе Одлуката за доделување на концесија за експлоатација на минерална суровина-варовник на Трговското друштво за производство, проектирање и инженеринг Вардарградба ДОО с.Трубарево - Скопје на локалитетот „Подцуцул“, Општина Сопиште, имајќи го предвид негативното Мислење на Општина Сопиште.

**Точка 41**

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за давање на согласност за пренос на удел, во предложениот текст.

**Точка 42**

Владата го одложи разгледувањето на Барањето на Вели Кујуџу, за прием во државјанство на Република Македонија, согласно член 11 од Законот за државјанството на Република Македонија, за наредната седница на Владата, откако претходно ќе се разгледа на седница на Комисија за политички систем, поради потребата Министерството за финансии и Министерството за економија да се усогласат во однос на начинот на примена на критериумите утврдени во член 3 од Уредбата за утврдување на критериуми за особен научен, економски, културен, спортски или друг национален интерес за стекнување на државјанство на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија бр. 9/2005 и 161/2012“), во врска со член 11 од Законот за државјанство на Република

Македонија, како и во иднина при разгледување на вакви барања да имаат единствен усогласен став.

**Точка 43**

Владата ја донесе Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Велес (нов текст), во предложениот текст.

**Точка 44**

Владата го разгледа Предлог-законот за изменување на Законот за работните односи, прво читање, поднесен од 11868 избирачи, преку овластениот предлагач Снежана Кузмановска и притоа го утврди следното мислење:

Согласно член 71 став 1 од Уставот на Република Македонија, право да предлага донесување на закон има секој пратеник во Собранието на Република Македонија, Владата на Република Македонија и најмалку 10 000 избирачи. Имајќи ја предвид оваа уставна одредба, предложениот Закон за изменување на Законот за работните односи е поднесен од овластен предлагач.

Со Предлог-законот се предлага изменување на членот 165 од Законот за работните односи („Службен весник на Република Македонија" бр.62/2005, 106/2008, 161/2008, 114/2009, 130/2009, 50/2010, 52/2010, 124/2010, 47/2011, 11/2012, 39/2012, 13/2013, 25/2013, 170/2013, 187/2013, 113/2014, 20/2015, 33/2015, 72/2015, 129/2015 и 27/2016), со кој е уредено отсуството од работа поради бременост, раѓање и родителство, при што, со ставот 1 е предвидено работничката за време на бременост, раѓање и родителство, да има право на платено отсуство од работа во траење од 9 месеци непрекинато, а доколку роди повеќе деца одеднаш (близнаци, тројка и повеќе), 15 месеци.

Со Предлог-законот се предвидува работничката за време на бременост, раѓање и родителство, да има право на платено отсуство од работа во траење од 18 месеци непрекинато, без разлика дали родила едно или повеќе деца одеднаш (близнаци, тројка и повеќе). Вакво право е предвидено и за работничката којашто посвоила дете и таа има право на отсуство до наполнување на осумнаесетмесечна возраст на детето, без разлика дали посвоила едно или повеќе деца.

Истовремено, се предлага бришење на членот 171 кој се однесува на правото на платена пауза за доење, во времетраење од еден ипол час во текот на работното време, на кое работничката има право по завршувањето на отсуството за бременост, раѓање и родителство.

Со Предлог-законот, предвидена е и преодна одредба со која се утврдува дека одредбите од предложениот Закон ќе се применуваат и на работничките кои веќе го имаат започнато отсуството за бременост, раѓање и родителство.

Република Македонија ја има ратификувано Конвенцијата за заштита на мајчинството, 2000 (С183) на Меѓународната организација на трудот, во октомври 2012 година. Со цел на подобрување на еднаквоста на жените на работното место и здравјето и безбедноста на мајката и детето, Конвенцијата предвидува дека мајката треба да има право на период на породилно отсуство не помалку од 14 недели, додека пак Препораката за заштита на мајчинството (Р191) се залага породилното отсуство, онаму каде што е можно, да биде најмалку 18 недели. Притоа, согласно Конвенцијата, породилното отсуство треба да

вклучува период на задолжително отсуство во траење од шест недели по породувањето, освен ако не е поинаку договорено на национално ниво од страна на Владата и репрезентативните организации на работодавачите и работниците.

Во смисла на наведеното, постоечкото законско решение е потполно усогласено со меѓународните договори, дотолку повеќе што предвидува и подолг период на отсуство поради бременост, раѓање и родителство од оној што го предвидуваат Конвенцијата и Препораката односно наместо предвидените минимум 14 и 18 недели (или 3.5 месеци односно 4.5 месеци).

Дополнително, во легислативата на одделни земји од Европа, породилното отсуство трае и пократко од отсуството предвидено во нашиот закон, односно во Германија и Хрватска е 14 недели (3.5 месеци), во Словенија 15 недели (3.8 месеци), во Чешка 28 недели (7 месеци), во Унгарија и Полска 24 недели (6 месеци), во Словачка 34 недели (8.5 месеци), во Австрија 16 недели (4 месеци) итн. Во оваа смисла, се смета дека Република Македонија, како земја-кандидат за европско членство, не треба да оди подалеку од практиките на европските држави.

Покрај тоа, предвиденото долго отсуство од работа, може да ги дестимулира работодавачите да вработуваат работнички со семејни обврски и дополнително да ја влоши и онака тешката состојба на вклучување на младите на пазарот на трудот. Согласно истражувањата, најголем негативен ефект на отсуството за бременост, раѓање и родителство е врз малите и средни претпријатија, а во Република Македонија, токму овие претпријатија се во најголем број. Исто така, долгото отсуство од работа бара соодветна замена, што би предизвикало и дополнителни трошоци за работодавачите (обуки, задолжителни здравствени прегледи за постојните и за новите работнички) и сл.

Во однос на работничките, подолгото отсуство ќе придонесе кон губење на работните навики на работничките коишто го користат отсуството, неможност за следење на динамиката на работите на работното место, што, во крајна линија, ќе придонесе и до стагнација на кариерниот развој на работничката.

Што се однесува до бришењето на одредбата за правото на пауза за доење, се смета дека правото неспорно треба да постои, бидејќи досегашните сознанијата се дека, во договор со работодавачот, најголемиот број на работнички ја користат паузата на крајот на работното време и со самото тоа, со оглед на возраста на детето, истата е сосема функционална. Дополнително, паузата за доење е право коешто е предвидено и во гореспоменатата Конвенција, којашто има директна примена и која треба да биде уредена во националната легислатива.

За предложениот закон, со проценети фискални импликации од 2.000.000.000 денари и значителен ефект врз ограничените можности на Буџетот на Република Македонија, Владата не се произнесува позитивно.

Имајќи го предвид наведеното, Владата на Република Македонија му предлага на Собранието на Републикиа Македонија да не го донесе предложениот Закон за изменување на Законот за работните односи („Службен весник на Република Македонија" бр.62/2005, 106/2008, 161/2008, 114/2009, 130/2009, 50/2010, 52/2010, 124/2010, 47/2011, 11/2012, 39/2012, 13/2013, 25/2013, 170/2013, 187/2013, 113/2014, 20/2015, 33/2015, 72/2015, 129/2015 и 27/2016).

## Точка 45

Владата го разгледа Предлог-финансискиот план на Регулаторната комисија за енергетика на Република Македонија за 2018 година, со Предлог-одлука за утврдување на процентот на зафаќање од вкупниот годишен приход на носителите на лиценци за вршење на енергетски дејности и годишниот приход на давателите на водни услуги остварен од давање на водни услуги за финансирање на работењето на Регулаторната комисија за енергетика на Република Македонија за 2018 година и притоа го утврди следново мислење:

Согласно член 34 став 2 од Законот за енергетика е утврдено дека Регулаторната комисија за енергетика, секоја година, најдоцна до 1 октомври до Собранието на Република Македонија поднесува за усвојување Предлог-финансиски план на Регулаторна комисија за енергетика за следната календарска година. Согласно став (3) од овој член Собранието на Република Македонија го усвојува Предлог-финансискииот план и со одлука го утврдува процентот на зафаќање од вкупниот годишен приоход на носители на лиценци. Доколку во една календарска година остварените приходи на Регулаторната комисија за енергетика се поголеми од реализираните расходи, за износот на разликата ќе се намалат планираните приходи во следниот предлог-финансиски план. Процентот на зафаќање на вкупниот приход не може да биде повисок од 0,1%.

Согласно член 8 став (1) од Законот за утврдување на цени на водни услуги е утврдено дека работењето на Регулаторната комисија за утврдување на тарифите за водните услуги ќе се финансира од наплата на:

1) посебен годишен надоместок кој го плаќаат давателите утврден како процент на зафаќање од годишниот приход на давателите остварен од давањето на водни услуги и од

2) надоместоци од постапката за утврдување на тарифи за водни услуги, односно регулаторна тарифа за водни услуги.

Во став (2) од овој член е утврдено дека процентот на зафаќање од годишниот приход на давателите од ставот (1) точка 1 од овој член го утврдува Собранието на Република Македонија, со одлука, при што процентот не може да биде повисок од 0,1%.

Во Предлог-финансискиот план се содржани сите планирани приходи и трошоци на Регулаторната комисија за енергетика, вклучувајќи ги и платите на членовите и на вработените на Регулаторната комисија за енергетика, како и надоместоците на членовите на Комисијата за жалби и нивните заменици.

Со Финансискиот план за 2018 година приходите на Регулаторната комисија за енергетика се планирани во вкупен износ од 82.327.480 денари и истите во однос на планираните приходи за 2017 година се зголемени за 9,58%. Во структурата на приходите доминантни се приходите од надоместок од носители на лиценци кои вршат енергетска дејност и од давателите на водни услуги (со 83,10%) кои се планирани на ниво од 68.418.180 денари и истите во однос на 2017 година се намалени за 6,08%. Ова намалување главно се должи на планираниот вишок на пренесени средства од 2017 година во 2018 година во планиран износ од 10.799.300 денари.

Расходите на Регулаторната комисија за енергетика за 2018 година, се планирани во рамки на утврдените приходи и се повисоки за 27,9% во однос на планираните расходи за 2017 година. Зголемените расходи за 2018 година, согласно образложението на Регулаторната комисија за енергетика првенствено се поврзани со зголемен планиран износ за плати и

надоместоци за плати поради предвидени нови 10 вработувања, поради зголемените надлежности на Регулаторната комисија за енергетика и зголемениот обем на активности со стапувањето на сила на Законот за утврдување на цени на водните услуги со што расходите по однос на плати и надоместоци на плата се зголемуваат за 19% во однос на истите за 2017 година. Исто така, има зголемени трошоци за инвестиционо одржување на средствата, за материјални расходи, зголемување на трошоци за ревизија, интелектуални услуги, набавка на информатичка опрема, како и воведување на нов трошок за промотивно информативни услуги кој се воведува како резултат на планираното отпочнување со имплементација на Комуникациската стратегија на Регулаторната комисија за енертгетика за период 2018 - 2020 година.

Имено, доколку се обрне внимание на деталниот преглед на реализирани расходи за 2017 година и планирани расходи за 2018 година, може да се забележи дека планираните расходи за 2018 година се неосновано значително зголемени, особено имајќи го предвид износот на реализирани расходи по одредени ставки за периодот од 1.1.2017 година до 31.8.2017 година кој е значително помал од планираните расходи за истите ставки за периодот од 1.9.2017 година до 31.12.2017 година.

Цениме дека непродуктивните расходи по однос на одржување на семинари, авторски хонорари, договори на дело, консултантски услуги и слично треба да се ревидираат на පониско ниво.

Со цел покривање на планираните расходи за 2018 година, предложено е процентот на зафаќање од вкупниот годишен приход на носителите на лиценци за вршење енергетски дејности и од годишниот приход на давателите на водни услуги да изнесува 0,0497% (во 2017 година истиот изнесува 0,0504%). По однос на доставената Предлог-одлука се укажува дека ќе треба да се преоцени предлагањето на утврдување на идентичен процент на зафаќање од вкупниот годишен приход на давателите на водни услуги остварени од давањето на водните услуги.

**<u>Точка 46</u>**

Владата го разгледа Барањето за давање на автентично толкување на член 14 став 2 алинеја 2 од Законот за изменување и дополнување на Законот за домување, („Службен весник на Република Македонија“ бр. 163/2013), поднесено од пратеникот Невенка Стаменковска и притоа го утврди следното мислење:

Во членот 14 став 2 од Законот за изменување и дополнување на Законот за домување, („Службен весник на Република Македонија" бр. 163/2013), се пропишани условите под кои може да се склучи договор за продажба на стан, при што во алинеја 2 од овој став како услов е пропишано дека лицето, неговиот брачен другар и членовите на неговото семејно домаќинство да немаат стан, куќа, куќа за одмор или деловен простор во нивна сопственост или да не се корисници на друг стан или деловен простор во државна сопственост на територијата на Република Македонија.

Имајќи ја во предвид содржината на горенаведената одредба од Законот во која изречно се пропишани условите под кои може да се склучи договор за продажба на стан, Владата на Република Македонија смета дека истата е доволно јасна и прецизна во однос на нејзината примена и нема потреба од автентично толкување на оваа законска одредба.

**Точка 47**

Владата го разгледа Барањето за давање на автентично толкување на член 25, а во врска со член 37 од Законот за обука и испит за директор на основно училиште, средно училиште, ученички дом и отворен граѓански универзитет за доживотно учење („Службен весник на Република Македонија“ бр. 10/2015, 145/2015, 192/2015 и 30/2016), поднесено од пратеникот Петар Атанасов и притоа го утврди следново мислење:

Согласно член 25 од Законот за обука и испит за директор на основно училиште, средно училиште, ученички дом и отворен граѓански универзитет за доживотно учење:

„Важноста на уверението за директор престанува доколку кандидатот за директор што го поседува не биде избран за директор во период од пет години од денот на издавање на уверението.

Во случајот од став 1 на овој член кандидатот за директор има право да добие ново уверение со повторно следење на обуката и полагање на испитот за директор.

За повторното следење на обуката и полагање на испитот, кандидатот за директор е должен да поднесе пријава за обука и пријава за испит и да ги уплати трошоците.“

Согласно член 37 од законот:

„Кандидатите кои се стекнале со уверение за директор согласно прописите кои важеле до денот на отпочнувањето на примената на овој закон, должни се најдоцна до 1 септември 2018 година да го положат испитот за директор и да се стекнат со уверение за директор согласно одредбите од овој закон.“

Одредбите од членот 25 и членот 37 се однесуваат на две категории на граѓани.

Членот 25 се однесува на категорија на кандидати кои се стекнале со уверение на директор согласно Законот за обука и испит за директор на основно училиште, средно училиште, ученички дом и отворен граѓански универзитет за доживотно учење, но истите не биле избрани во период од пет години од денот на издавање на уверението за директор на основно училиште, средно училиште, ученички дом или отворен граѓански универзитет за доживотно учење. Во овој случај кандидатот има право да добие ново уверение со повторно следење на обуката и полагање на испитот за директор.

Членот 37 се однесува на категорија на кандидати кои се стекнале со уверение за директор согласно прописите кои важеле до денот на отпочнувањето на примената на овој закон, односно согласно Законот за основното образование, Законот за средното образование, Законот за ученичкиот стандард и Законот за отворените граѓански универзитети за доживотно учење, се до отпочнувањето со примената на Законот за обука и испит за директор на основно училиште, средно училиште, ученички дом и отворен граѓански универзитет за доживотно учење кој отпочнал со примена од 1 октомври 2016 година.

Членот 25 не е преодна одредба и важи само за кандидатите кои се стекнале со уверение за директор согласно одредбите од Законот за обука и испит за директор на основно училиште, средно училиште, ученички дом и отворен граѓански универзитет за доживотно учење.

Членот 37 е преодна одредба и важи за сите кандидати кои се стекнале со уверение за директор согласно прописите кои важеле до денот на отпочнувањето на примената на Законот за обука и испит за директор на основно училиште, средно училиште, ученички дом и отворен граѓански универзитет за доживотно учење.

Имајќи во предвид дека одредбите од членовите 25 и 37 од Законот за обука и испит за директор на основно училиште, средно училиште, ученички дом и отворен граѓански универзитет за доживотно учење („Службен весник на Република Македонија" бр. 10/2015, 145/2015, 192/2015 и 30/2016), се прецизни и јасни, Владата на Република Македонија му предлага на Собранието на Република Македонија дека нема потреба од давање на автентично толкување на членовите 25 и 37 од Законот за обука и испит за директор на основно училиште, средно училиште, ученички дом и отворен граѓански универзитет за доживотно учење („Службен весник на Република Македонија" бр. 10/2015, 145/2015, 1922015 и 30/2016), поднесено од пратеникот Петар Атанасов.

## Точка 48

Владата ја разгледа Иницијативата од Стамен Филипов од Скопје, доставена до Уставниот суд на Република Македонија под У.бр.132/17 за поведување на постапка за оценување на уставноста на повеќе членови од Законот за вршење на сметководствени работи („Службен весник на Република Македонија" бр.95/2012, 188/2013, 27/2014, 154/2015, 192/2015, 23/2016 и 190/2016) и притоа го утврди следното мислење:

Република Македонија се стреми кон прифаќање и примена на меѓународните стандарди и најдобри практики во сите сфери на општеството и економијата, вклучително и на оние од областа на сметководството и ревизијата. Водењето на сметководството е специфична професија која има влијание врз економските одлуки од страна на менаџментот на компаниите, на инвеститорите, финансиерите и државата. Доколку сметководствената евиденција е неточна или нецелосна, сите одлуки базирани на неа се погрешни и со негативни финансиски ефекти. Поради тоа, во Република Македонија се прифатени и се во примена Меѓународните стандарди за финансиско известување, Меѓународните стандарди за финансиско известување на мали и средни субјекти и Кодексот на етика за професионални сметководители донесени од страна на Меѓународната федерација на сметководители (IFAC). Овие стандарди се преведени на македонски јазик и објавени во Службен весник на Република Македонија, што значи се дел од правниот поредок на Република Македонија. Во Одделот 100, Вовед и основни принципи на Кодексот на етика на професионалните сметководители, меѓу другото, е пропишано и следното:

„Истакнато обележје на сметководствената професија е нејзиното прифаќање на одговорноста да дејствува во јавен интерес. Според тоа, одговорноста на професионалниот сметководител не е само да ги задоволи потребите на поединечниот клиент или работодавач. При дејствувањето во јавен интерес, професионалниот сметководител треба да го запази и да се придржува кон овој Кодекс."

Со членот 6 став 1 точка 9 од Законот за вршење на сметководствени работи е пропишано дека Институтот ја следи примената на Кодексот на етика за професионални сметководители на IFAC.

Според тоа, не е точно тврдењето на подносителот на иницијативата дека со членовите 2 точка 16 и членовите 4 до 54 од Законот за вршење на сметководствени работи, Институтот на сметководители и овластени сметководители има статус на здружение без јавен статус на кое му се дадени овластувања како на државен орган од највисок ранг или институција

од јавен интерес и дека истите се во спротивност со Уставот. Имено, целите, работењето и дејствувањето на Институтот утврдени во Законот за вршење на сметководствени работи се насочени кон пошироката јавност и кон интересите на заедницата, што се основни карактеристики на јавната дејност и јавниот интерес.

Истовремено, треба да се има предвид дека подносителот на иницијативата не наведува конкретен член од Уставот на Република Македонија со кои се во спротивност членовите 2 точка 16 и членовите 4 до 54 од Законот за вршење на сметководствени работи во однос на јавниот статус на Институтот. Причина за вака поднесената иницијатива е фактот што Уставот не го дефинира терминот „јавен интерес“ ниту пак уредува како, со кој акт, истиот се дефинира. Јавниот интерес како термин се спомнува единствено во членот 30 од Уставот и тоа во контекст на правото на сопственост и можноста за одземање или ограничување на тоа право.

Според член 61 став 1 од Уставот, Собранието на Република Македонија е претставнички орган на граѓаните и носител на законодавната власт на Република Македонија. Собранието е овластено да донесува закони (член 68 став 1 алинеја 2) со кои ги уредува условите за вршење на одделни дејности, посебно за оние кои имаат своја специфичност, како што е сметководството. Според член 20 став 1 од Уставот на Република Македонија на граѓаните им се гарантира слободата на здружување заради остварување и заштита на нивните политички, економски, социјални, културни и други права и уверување, така што оспорувањето на членовите 2 точка 16 и членовите 4 до 54 од Законот нема основа за оценка на уставност со оглед дека во истите е дадена можност за сметководителите да се организираат во Институтот заради остварување на своите економски права, како и се уредуваат работите кои на Институтот му се доверени да ги извршува. Па оттука, Институтот не би требало да се поистоветува како „класично“ здружение на граѓани.

Во однос на наводите дека одредбите од член 6 точки 2 и 8 се спротивни на Законот за здруженија и фондации, односно на Законот за работните односи, укажуваме дека ваквите наводи не можат да бидат предмет на оценка од страна на Уставниот суд со оглед на надлежностите на Уставниот суд уредени со членот 110 од Уставот на Република Македонија.

По иницијативата за оценување на уставноста на членовите 14 до 18 и член 20 точки од 4 до 8 од Законот за вршење на сметководствени работи не сме во можност да се произнесеме од причина што подносителот на иницијативата не наведува со кои одредби од Уставот се во спротивност овие членови.

По однос на наводите на подносителот на Иницијативата дека одредбите од член 19 ставови 1 и 2 од Законот со кои се утврдува обврска за посета на обука за континуирано професионално усовршување и се дефинира бројот на часови на годишно и тригодишно ниво за сметководител и овластен сметководител се во спротивност на член 8 став 1 алинеите 1, 3, 6 и 7 и член 20 став 2 од Уставот на Република Македонија, укажуваме дека барањата за континуиран професионален развој се дефинирани како заштитни мерки креирани од професијата, законот или регулативата заради обезбедување на услови за придржување кон професионалната компетентност и должно внимание како еден од основните принципи на сметководствената професија, согласно Кодексот на етика за професионални сметководители, кој е составен дел на домашното законодавство.

Дополнително, законско решение од член 19 ставови (1) и (2) е усогласено со барањата на меѓународниот стандард за едукација IES 7: Континуиран професионален развој: програма за доживотно учење и континуиран развој на професионална компетентност на IFAC,

согласно кој фундаменталниот принцип на Кодексот на етика на професионални сметководители на IFAC бара професионалниот сметководител да има континуирана обврска да одржува професионално знаење и вештини на ниво кое обезбедува дека клиентот или работодавачот добива стручни професионални услуги засновани на тековниот развој  во праксата, законодавството и техниките. Според овој меѓународен стандард професионалните тела треба да бараат професионалните сметководители да развијат и одржуваат стручност релевантна и соодветна на нивната работа и професионални одговорности. Според барањата на Input-based Approach за континуирана професионална едукација утврден во Стандардот, професионалниот сметководител треба да заврши 120 часа релевантна активност за професионално усовршување во последователен тригодишен период, од кои 60 часа треба да бидат потврдени, да заврши 20 часа во секоја година и да следи и мери активности за учење за да ги исполни барањата во поглед на бројот на часови.

Со законската обврска за континуирано професионално усовршување се прифаќаат и воспоставуваат меѓународни стандарди за сметководствената професија со што на сметководителите ќе им се овозможи слободно и непречено давање на своите услуги и вон националните рамки, со пристапувањето на Република Македонија во Европската унија. Притоа, треба да се има предвид дека сметководството е динамична професија која бара постојано надградување и усовршување.

Владеење на правото како темелна вредност на уставниот поредок претпоставува постоење и почитување на општи стандарди и позитивни законски норми. Граѓаните се еднакви пред законот, но законите регулираат конкретни области и треба да обезбедат еднаквост на граѓаните на кои тие закони се однесуваат. Владеењето на правото подразбира и транспарентност на условите и критериумите за стекнување и губење на одредени права, како и почитување на законите од страна на оние на кои тие закони се однесуваат. Во таа смисла, Законот за вршење на сметководствени работи јасно и транспарентно ги утврдува условите за професионално усовршување на секој сметководител.

Поради тоа, ги отфрламе наводите дека со обврската за континуирано професионално усовршување се кршат основните слободи и права на човекот и граѓанинот признати со меѓународното право и утврдени со Уставот, владеењето на правото, правната заштита на сопственоста и слободата на пазарот и претприемништвото (член 8 став 1 алинеите 1, 3, 6 и 7 од Уставот).

Наводите дека одредбите од член 19 ставови 1 и 2 се во спротивност со правото на граѓаните за слободно основање на здруженија на граѓани и политички партии, и пристапување и истапување кон и од нив (20 став 2 од Уставот) ги отфрламе како неосновани, од причина што Законот не го ограничува правото на секој сметководител да членува во кое било друго здружение на сметководители, ниту пак забранува формирање на други здруженија на сметководители.

Во однос на наводот во Иницијативата дека одредбата од член 19 став 3 од Законот, со која се уредува дека обуката за континуирано професионално усовршување се спроведува преку стручни организации кои ги определува Здружението-Институтот се во спротивност на член 55 од Уставот, според кои: се гарантира слобода на пазарот и претприемништвото, укажуваме дека Институтот обуките за континуирано професионално усовршување ги спроведува во соработка со друштва за консалтинг и други специјализирани организации од областа на сметководството, даноците и финансиите, кои постојат и даваат услуги од ваков тип во Република Македонија. Критериумите за избор на правните и физичките лица ги пропишува Институтот и тие се јавно достапни за сите заинтересирани страни.  Законот

за вршење на сметководствени работи ги утврдува областите на експертиза кои треба да ги поседуваат правните и физичките лица со кои Институтот ја спроведува обуката заради обезбедување на професионална компетентност и должно внимание, како основен принцип на сметководствената професија, согласно Кодексот на етика на IFAC. Исто така, одредбата од член 19 став (3) не го ограничува слободното формирање на нови правни лица од областа на сметководството, даноците и финансиите, како и стекнувањето на знаења од овие области.

Оттука, не може да стане збор дека со начинот на спроведување на обуката за континуирано професионално усовршување за овластените и сметководителите се врши формирање на монопол на пазарот, со што во целост ги отфрламе наводите дека член 19 став 3 не е усогласен член 55 од Уставот на Република Македонија.

Подносителот на Иницијативата наведува дека одредбата на член 19-а од Законот, со која е предвидено сметководителите по завршувањето на обуката за континуирано професионално усовршување да полагаат испит за проверка на знаењата и доколку не го положат испитот може да престанат со работа, не е во согласност со член 32 став 2 и член 44 од Уставот и на сите закони со кои е уредено образованието. Особено што Здружението-Институтот нема акредитација, ниту било какво одобрение од надлежните државни органи и нема статус на јавен интерес.

Во Иницијативата не е доволно елаборирано зошто одредбата на членот 19-а е во спротивност со претходно цитираните одредби од Уставот на Република Македонија. Притоа, укажуваме дека одредбите на член 19-а не се правилно цитирани во Иницијативата со оглед дека последиците од неположувањето на испитот се уредени во членот 19-б од Законот.

Согласно, барањата на меѓународниот стандард за едукација IES 7: Континуиран професионален развој: програма за доживотно учење и континуиран развој на професионална компетентност на IFAC, потврдата дека одредено професионално знаење или вештина е развиена може да се врши и преку оценка на стекнатите знаења.

Испитот за проверка на знаење е меѓународна пракса и е во насока на одржување на професионалното знаење на сметководителите и овластените сметководители и на довербата на јавноста во нивната работа. Правото на образование под еднакви услови не е загрозено од причина што Законот ги пропишува условите под кои сметководителот може да ја врши дејноста и тие услови се еднакви за сите, односно ги уредува барањата во врска со образование, обука и искуство за прием во професијата. Поради тоа, неосновани се наводите во Иницијативата дека се ограничуваат правата на вработените да не се откажат од правата на: работа, слободен избор на вработување, заштита при работењето и материјална обезбеденост за време на привремена невработеност, достапност на секое работно место под еднакви услови, заработувачка и платен дневен, неделен и годишен одмор, и чие остварување се уредуваат со закон и со колективни договори (член 32 став 2 од Уставот) и правото на образование под еднакви услови (член 44 од Уставот).

Подносителот во Иницијативата одредбите од член 20 точките од 4 до 8 и член 23 од Законот само ги цитира и не наведува со кои членови од Уставот овие одредби се во спротивност, поради што не сме во можност да се произнесеме.

Според подносителот на Иницијативата пропишаната дисциплинска постапка во Глава VI, Контрола работењето во Глава VII, Надзор во Глава VIII и Прекршочни одредби IX од Законот се во спротивност на член 8 став 1 алинеите 1, 3, 5 и 7, Амандманот 21, членот 20 став 2,

членот 50 став 2, членот 51, членот 54 став 3 и членот 55 од Уставот. Меѓутоа, воопшто не е објаснето и елаборирано од кои причини одредбите на овие глави не се во согласност со Уставот на Република Македонија. Според тоа наведените глави од Законот не би можеле да бидат предмет на оценка на нивната уставност.

Институтот како професионално здружение согласно Законот има право да изрекува дисциплински мерки на своите членови кои ќе ги повредат одредбите од Законот и принципите на уредно водење на сметководството или го нарушат угледот на професијата.

Дисциплинските мерки се преземаат по извршена контрола во работењето на вршителот на сметководство (Глава VI, членови 40 и 41 од Законот). Контролата во работењето се однесува на утврдување на усогласеноста на работењето со прописите кои го регулираат водењето на сметководството и на усогласеноста на работење со барањата на Кодексот на етика за професионалните сметководители на IFAC. Доколку при контролата се утврди и прекршување на прописите, Управниот одбор на Институтот поднесува барање за поведување на прекршочна постапка до надлежен суд. Поради статусот на Институтот како правно лице со јасни овластувања во Законот, Министерството за финансии има обврска да врши надзор над работењето на Институтот и спроведувањето на одредбите од Законот (Глава VII, членови 42 и 43 од Законот). Согласно Законот (Глава VIII, членови 47 и 47-а), се уредува дека прекршочната постапка ја води и прекршочни санкции ги изрекува надлежен суд. Одмерувањето на висината на глобата за правно лице, односно за трговец-поединец се врши согласно Законот за прекршоците.

Исто така, овие одредби од Законот се во согласност и со Кодексот за етика на професионалните сметководители на IFAC, според кој заштитните мерки креирани од страна на професијата, законот или регулативата, вклучуваат постапки за набљудување и дисциплински постапки кај професионалните или кај регулаторните тела и надворешна проверка од страна на законски овластена трета страна, на извештаите, обрасците, комуникација или информациите кои се произведени од страна на професионалниот сметководител.

Со оспорените Глави VI, VII, VIII и IX од Законот се врши регулирање на сметководствената професија и дејност, преку утврдување на надзор и систем од дисциплински постапки и прекршоци за констатирани повреди и прекршоци на Законот.

Според тоа, не може да стане збор повреда на член 8 став 1 алинеите 1, 3, 5 и 7, Амандманот 21, членот 20 став 2, членот 50 став 2, членот 51, членот 54 став 3 и членот 55 од Уставот.

Во Иницијативата, подносителот наведува дека со последните измени и дополнувања на Законот на лицата со 25 години стаж кои стекна трајни уверенија издадени од министерот за финансии им се условува стекнатото право, односно истото го губат доколку не биле во можност поради најразлични причини да се пријават во рок од 15 дена од денот на воспоставувањето на регистарот, и истите се во спротивност со член 8 став 1 алинеја 1 и член 54 став 3 од Уставот.

Во Иницијативата се наведуваат нејасни и неточни факти од аспект на тоа што се упатува на последните измени и дополнувања во Законот, без при тоа точно да се наведе бројот на „Службен весник на Република Македонија“ во кој истите се објавени, за да се согледа веродостојноста на изнесените факти. Притоа не е наведено и кој член од Законот се оспорува така што овој дел од Иницијативата не може да биде предмет на оценка на негова неусогласеност со Уставот на Република Македонија.

Согласно Законот за вршење на сметководствени работи, лицето кое добило уверение за сметководител, односно овластен сметководител стекнува право за вршење сметководствени работи со уписот во Регистарот на сметководители, односно Регистарот на овластени сметководители (член 18). Оттука, правото на вршење на сметководствени работи е стекнато и целосно само доколку истовремено лицето поседува уверение за сметководител, односно овластен сметководител и е запишано во соодветниот регистар на Институтот. Законот прецизно ги пропишува условите и критериумите за стекнување и губење на правото за вршење на сметководствената професија, притоа пропишаните услови се јасни, прецизни, недискриминаторски и транспарентни.

Поради тоа, со одредбите од Законот не се ограничуваат основните слободи и права на човекот и граѓанинот признати со меѓународното право и утврдени со Уставот (член 8 став 1 алинеја 1). Исто така, неосновани се и наводите дека одредбите се дискриминаторски по основ на пол, раса, боја на кожа, јазик, вера, национално или социјално потекло, имотна или општествена положба (член 54 став 3 од Уставот).

Врз основа на горе изнесеното, укажуваме дека не постои неусогласеност на одредбите од Законот за вршење на сметководствени работи со член 8 став 1 алинеја 3, 6, 7, и 11, член 20 став 2, член 32, член 50 став 2, член 51, член 54 став 3 и член 55 од Уставот на Република Македонија.

Поради тоа, Владата на Република Македонија му предлага на Уставниот суд на Република Македонија во целост да ја отфрли Иницијативата за поведување постапка за оцена на уставноста на член 2 точка 16, Главата: „II. Институт на сметководители и овластени сметководители на Република на Македонија„ и членовите 4, 5, 6, 7, 8, 9, 10, 11, 12 и 13, Главата: III. Начин на стекнување со статус на сметководител и овластен сметководител и континуирано професионално усовршување“ и членовите 14, 15, 16, 17, 18, 19, 19-а и 19-б, Главата: „IV. Вршење сметководствени работи“ и членовите 20, 21, 22, 23, 24, 25, 26, 27 и 28, Главата: „V. Регистри“ и членовите 32, 33, 34, 35, 36, 37, 38 и 39, Главата: „VI. Дисциплинска постапка“ и членовите 32, 33, 34, 35, 36, 37, 38 и 39, Главата: „VII. Контрола на работењето“ и членовите 40 и 41, Главата: „VIII. Надзор“ и членовите 42 и 43, Главата „ IX. Прекршочни одредби“ и членовите 48, 49, 50, 51, 53 и 54 од Законот за вршење на сметководствени работи во Законот за вршење на сметководствени работи („Службен весник на Република Македонија“ бр. 95/2012, 188/2013, 27/2014, 154/2015, 192/2015, 23/2016 и 190/2016), како неоснована.

**<u>Точка 49</u>**

Владата ја разгледа Понудата од нотар Сашо Клисароски за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр. 94674 за КО Ѓорче Петров 2-Мирче на КП бр. 5770 и по Понудата го усвои Известувањето на Министерството за транспорт и врски.

**<u>Точка 50</u>**

Владата го одложи разгледувањето на Понудата од нотар Нерџиван Идризи од Скопје, за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.2798 за КО Сингилиќ 2 на КП бр.2223 викано/место Р. Каскалиевиќ за наредната седница на Владата поради потребата Министерството за транспорт и врски да достави ново мислење по Понудата.

**Точка 51**

Владата ја донесе Одлуката за формирање на Комитет за земјоделство и безбедност на храна на Владата на Република Македонија, со заклучок во член 5 од Одлуката, по алинејата 12 се додава нова алинеја 13 која гласи: „-директорот на Агенцијата за храна и ветеринарство“.

**Точка 52**

1. Владата на предлог на министерот за култура го именува Сашко Насев, досегашен вршител на должноста директор на Културно-информативниот центар во Софија, Република Бугарија за директор на Културно-информативниот центар во Софија, Република Бугарија.

2. Владата го разреши Ѓоко Котевски од должноста вршител на должноста директор на Управата за водење на матичните книги, орган во состав на Министерството за правда.

2.1. Владата го именува Ѓоко Котевски за вршител на должноста директор на КПУ Затвор Скопје и истовремено му утврди коефициент за пресметување на плата.

3. Владата го именува Боре Еркечов за вршител на должноста директор на Државниот инспекторат за градежништво и урбанизам, орган во состав на Министерството за транспорт и врски и истовремено му утврди коефициент за пресметување на плата.

**Точка 53**

**1.** По повод укажувањата на заменикот на претседателот на Владата, задолжен за економски прашања и за координација со економските ресори, д-р Кочо Анѓушев, а во врска со увозот на нафтени деривати и евентуални злоупотреби околу екстра лесното гориво, Владата ги донесе следните заклучоци:

1) Се задолжува Државниот пазарен инспекторат да направи увид за исполнетост на минимално-технички услови за вршење на трговска дејност - трговија на големо со сурова нафта, нафтени деривати, биогорива и горива за транспорт на субјектите на територија на Република Македонија за кои се издадени лиценци за вршење на енергетска дејност трговија на големо со сурова нафта, нафтени деривати, биогорива и горива за транспорт од страна на Регулаторната комисија за енергетика на Република Македонија и за ова да достави информација до Владата во рок од 30 дена.

2) Се задолжува Царинската управа, во рок од 30 дена, да подготви и до Владата да достави детална информација која ќе содржи:

- анализа за вкупно увезените и извезените нафтени деривати во и од Република Македонија, во соседните држави, во последните пет години, по правни субјекти, како и потекло на стоката;

- во соработка со царинските управи на соседните држави да добие податоци за извезените количини на нафтени деривати од тие држави во Република Македонија (по одделни деривати);
- преглед на правни субјекти и количини на екстра лесно масло што се увезени во Република Македонија во последните пет години.

**2.** Владата го разгледа и го прифати Известувањето за активностите поврзани со кризната состојба на дел од територијата на Република Македонија за период од 25.12.2017 година до 1.1.2018 година и согласно член 31, став 2 од Законот за управување со кризи заклучи да го достави до Претседателот на Република Македонија и Собранието на Република Македонија.

**Точка 54**

Владата го разгледа Тримесечниот финансиски извештај за работењето на АД ТЕЦ Неготино, за периодот јули-септември 2017 година, како материјал за информирање.

**Точка 55**

Владата го разгледа Годишниот извештај за 2016 година на Народна банка на Република Македонија, како материјал за информирање.

**Точка 56**

Владата ја разгледа Информацијата во однос на дополнително тестирање со ултразвук на делница Блок станица 5-Неготино, како материјал за информирање.

**Точка 57**

Владата го разгледа Извештајот за работа на Инспекцискиот совет и Информацијата за работа на инспекциските служби за трет квартал од 2017 година, како материјал за информирање.

Истовремено, Владата го задолжи Инспекцискиот совет, во рок од еден месец, да подготви и до Владата да достави информација со преглед на кадровската екипираност на инспекциските служби, со план за нивно доекипирање.

**Точка 58**

Владата го разгледа Извештајот за работата на Советот за утврдување на факти и покренување на постапка за утврдување одговорност за судија за периодот од 1 јануари до 30 јуни 2017 година, како материјал за информирање.

**Точка 59**

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за набавка на нови возови во Македонски железници Транспорт АД-Скопје, за период 1.1-30.6.2017 година, како материјал за информирање и притоа заклучи да престане да важи обврската (Заклучокот на Владата) на Министерството за транспорт и врски за доставување на вакви информации до Владата.

Истовремено, Владата го задолжи МЖ Транспорт АД - Скопје, да подготви и во рок од еден месец до Владата да достави информација за состојбата во која се наоѓаат набавените превозни средства и дали дел од нив се дадени на други оператори на користење.

**Точка 60**

Владата ја разгледа Информацијата за набавка на четири нови електрични локомотиви, за период 1.1-30.6.2017 година, како материјал за информирање.

Истовремено, Владата го задолжи Македонски железници Транспорт АД-Скопје да подготви и до Владата да достави информација за текот на производството на локомотивите, нивната техничка усогласеност со прописите на Европската Унија, како и за статусот на проектот, односно временска рамка за реализација на истиот.

**Точка 61**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со слободните станови кои можат да се планираат за социјална намена, како и за постапките и процедурите за нивно доделување, како материјал за информирање.

**Точка 62**

Владата ја разгледа Информацијата за прогрес на активностите за реализација на проектот „Подобрување на евиденција на шумскиот фонд“ за период 2014-2018 година, како материјал за информирање.

**Точка 63**

Владата ја разгледа Информацијата за Самитот на шефови на влади на Централно-европската иницијатива, одржан на 12 декември 2017 година во Минск, Белорусија, како материјал за информирање.

**Точка 64**

Владата ја разгледа Информацијата за преземените активности по поднесената апликација за грант од Министерството за надворешни работи на Кралството Норвешка за имплементација на проект за изработка на систем за процесирање на класифицирани информации во Министерството за надворешни работи, како материјал за информирање.

**Точка 65**

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за текот на реализација на проектот за користење услуга на Бесплатен туристички викенд на корисници на пензија за период септември - ноември 2017 година, како материјал за информирање.

**Точка 66**

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за текот на реализација на проектот за користење услуга на бањско климатска рекреација на корисници на пензија за период септември – ноември 2017 година, како материјал за информирање.

**Точка 67**

Владата ја разгледа Информацијата за прогрес на имплементираните проекти од Стратегијата за Роми и Вклучување на Ромите – 2020 во Министерството за труд и социјална политика за период јули-декември 2017 година, како материјал за информирање.

**Точка 68**

Владата ја издаде Лиценцата за приредување на игри на среќа во обложувалница на Друштвото за производство, трговија и услуги „Клуб спорт 77“ увоз-извоз ДОО Битола за деловната просторија на ул.„Филип Втори Македонски“ бр.30 Трг.Ком.Безистен-Лок.12 во Битола, во предложениот текст.

**Точка 69**

Владата ја донесе Одлуката за дополнување на Одлуката за определување на услуга од јавен интерес во железнички превоз на патници, со заклучок во член 1 по зборовите „нова алинеја“ да се додаде бројот „9“.

**Точка 70**

Владата го донесе новиот текст на Програмата за финансиска поддршка во рибарството и аквакултурата за 2018 година, во предложениот текст.

*

*   *

На седницата се водени стенографски белешки.
Седницата заврши во 20:30 часот.

**ГЕНЕРАЛЕН СЕКРЕТАР НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

**д-р Драги Рашковски**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

**Зоран Заев**